**СОЈУЗ НА ХЕМИЧАРИТЕ И ТЕХНОЛОЗИТЕ НА МАКЕДОНИЈА**

# ПРАВИЛНИК

## ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ ГЛАСАЊЕ ПО ЕЛЕКТРОНСКИ ПАТ

1. Со овој Правилник се уредува постапката за спроведување гласање по електронски пат во случаите кога тоа го предвидуваат Статутот на СХТМ или Правилниците или други акти. Заради непречено и ефикасно спроведување на активностите на СХТМ, може да се спроведе гласање по електронски пат од страна на членовите на СХТМ.

2. Под поимот гласање по електронски пат се подразбира гласање со употреба на електронска пошта или електронска платформа/софтвер за гласање на интернет. Сојузот има своја официјална електронска адреса и одредува лице кое во процесот на гласањето има пристап до неа со двојна заштита (лозинка и SMS порака).

3. Гласањето по електронски пат може да го спроведат Собранието, Извршниот одбор, Надзорниот одбор или други органи и тела предвидени со Статутот или со друг акт.

4. Гласањето по електронски пат се врши од електронска адреса на членот заведена во Регистарот на членство.

5. Секоја последно доставена електронска адреса од член на СХТМ ќе се смета за валидна и поставената предлог-одлука на гласање на истата адреса ќе се смета за уредно доставена.

6. Гласањето по електронски пат ќе се применува во ситуации кога не може да се собере кворум како и за ситуации кога е потребна одлука на некој орган на СХТМ за кусо време.

За спроведување гласање по електронски пат решава претседателот на органот или телото на СХТМ.

Претседателот на органот или телото на СХТМ во зависност од природата и од итноста на прашањата од дневниот ред за секој случај поединечно одлучува дали ќе се спроведе гласање преку електронска пошта или ќе свика седница, односно ќе презакаже седница.

Претседателот на органот или телото на СХТМ може да одлучи гласањето по електронски пат да се спроведе за сите или само за поединечни точки од дневниот ред. Оние точки од дневниот ред за кои нема да се спроведе гласање по електронски пат ќе бидат ставени на дневниот ред за следната седница.

7. Гласањето преку по електронски пат се спроведува на начин така што претседателот на органот или телото на СХТМ од официјалната електронска пошта на СХТМ или специјализираната платформа/софтвер за гласање ги повикува сите членови на СХТМ да се изјаснат за одлуките кои е потребно да се донесат во определен рок, кој не може да биде пократок од два ниту подолг од пет работни денови.

Ако се гласа преку електронска пошта се гласа со порака испратена во одговор на пораката која ја содржи предлог-одлуката на истата адреса на званичната електронска пошта на СХТМ. Се гласа со „за“, „против“ и „воздржан“.

Мнозинство за одлучување е полноправното членство на Собранието, а одлуката се смета за донесена ако за неа се изјаснило предвиденото мнозинство (обично или квалификувано мнозинство) со Статут или Правилник, односно друг акт.

8. Во случај членот на СХТМ да не се изјасни преку електронска пошта во определениот рок, молчењето ќе се смета за прифаќање на предложената одлука.

9. Веднаш по истекот на определениот рок претседателот на Собранието преку официјалната електронска пошта ќе ги извести членовите на СХТМ за резултатите од гласањето преку електронска пошта.

10. Гласањето по електронски пат ќе има иста правна сила и обврзувачко дејство како и гласањето извршено на седница.

Претседател на СХТМ,

Скопје, 21. 4. 2017

Проф. д-р Зоран Здравковски